# НАЈЧЕТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА НА finansiska.poddrska@ujp.gov.mk ПОВРЗАНИ СО МЕРКИТЕ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

## 1. ШТО ПОДНЕСУВААТ САМОСТОЈНИТЕ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ ЗА ДА ДОБИЈАТ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ?

Самостојните вршители на дејност што немаат други вработени, вработени сами за себе ја изготвуваат МПИН пресметката исто како претходните месеци, без внесување на шифра 5000 за финансиска поддршка.

Во поле 3.17 се внесува шифра 0050 за полно работно време или за скратено работно време 0047 и во поле 3.17 б се внесува шифра 001. Сопственикот врз основа на поднесеното барање БФС-СВД ја добива финансиската помош на трансакциска сметка.

## 2. КАКВА Е ПОСТАПКАТА ЗА САМОСТОЈНИТЕ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ КОИ ИМААТ ВРАБОТЕНИ ЛИЦА, ОДНОСНО ТП (ТРГОВЦИ ПОЕДИНЦИ)?

Самостојните вршители на дејност кои имаат вработени лица, односно ТП за вработените поднесуваат барање БФП-ИП за финансиска поддршка, а МПИН пресметката се изготвува на следниот начин:

- за сопственикот пресметката се изготвува исто како претходните месеци без внесување на шифра 5000 за финансиска поддршка, во поле 3.17 е внесува шифра 0050 за полно работно време или за скратено работно време 0047 и во поле 3.17б се внесува шифра 001,
- а за вработените потребно е во поле 3.4 б да се внесе шифра 5000, во поле 3.17 шифра 0050 за полно работно време  или за скратено работно време 0047 и во поле 3.17 б потребно е да се внесе шифра 050.

## 3. КАКВИ ПРОБЛЕМИ СЕ ПРЕДИЗВИКУВААТ АКО СЕ ПРЕПОДНЕСУВА ПРЕСМЕТКА ЗА ПЛАТА ОДНОСНО ЕДНА ПРИФАТЕНА СО ОДОБРЕНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА И ЕДНА ОДБИЕНА БЕЗ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА?

Со поднесување на пресметката за плата и врз основа на истата добивате прифатена декларација со одобрена финансиска поддршка. Истата **МОРА ДА СЕ ПЛАТИ ВО БАНКА**, а потоа доколку по истата имате потреба да коригирате ќе поднесете исправка со вид обврска 103.

**НАПОМЕНА**: Овој начин на постапување е потребен за да не дојде до преподнесување на пресметка.

## 4. ЗА КОЈ РАБОТНИК НЕ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Работодавач-барател на финансиска поддршка не може да користи финансиска поддршка за работник доколку:

Нето платата на работникот за последните три месеци пред поднесување на Барањето е повисока од 39.900 денари за секој месец одделно, сразмерно на часовите на пријавено работно време (полно или неполно работно време) или доколку засновал работен однос за време пократко од три месеци, нето платата на работникот е повисока од 39.900 денари за секој месец одделно за периодот за кој е пријавен во работен однос, сразмерно на часовите на пријавено работно време (полно или неполно работно време).

## 5. ЗОШТО КАЈ ВРШИТЕЛИТЕ НА ДЕЈНОСТ (ТП) КОИ ИМААТ ВРАБОТЕНИ ЛИЦА И ЗА КОИ ИМА ОДОБРЕНО БАРАЊЕ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА КОГА СЕ ПРЕСМЕТУВА ПЛАТАТА СЕ ЈАВУВА ГРЕШКА (622) - ЗА САМОВРАБОТЕНОТО ЛИЦЕ НЕ МОЖЕ ДА СЕ КОРИСТИ ФИНАСИСКА ПОДДРШКА НА ПЛАТА

За вработените - субвенционирање на придонеси се врши со внесување на соодветна шифра во МПИН, односно на шифрата 620 во поле 3.23, додека внесувањето на шифрата 5000 се однесува на барање за финансиска поддршка исто така за исплата на плати за вработени најмногу до 14.500,00 денари. На "физичкото лице", односно сопственикот - по поднесено барање во е-ПДД, финансиската помош ќе му биде исплатена на трансакциска сметка на која ги врши трансакциите за дејноста, доколку ги исполнува условите утврдени во Уредбата за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност („Службен весник на РСМ“, бр.92/2020).

## 6. КОГА ДА ПОДНЕСАМ МПИН?

По добивање на прифатеното барање од системот е-Даноци, може да поднесете пресметка за плата, преку новиот клиентски софтвер, кој треба да го симнете од веб страната на УЈП.

## 7. ПОГРЕШНА ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА ВО УЈП

Доколку имате погрешна трансакциска сметка потребно е со пријавата **УЈП-РДО** за промена на податоци во најбрз можен рок да ја пријавите новата трансакциска сметка на обврзникот.

## 8. РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДРШКА БФП-ИП

Барањето работодавачот-барател на финансиска поддршка го поднесува преку системот е-Даноци на Управата за јавни приходи до 7-ти во месецот за претходниот месец, а комплетноста на Барањето ја потврдува Управата за јавни приходи, во рок од 3 дена од денот на приемот на барањето.

## 9. КОЈ Е РОКОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО БС- ПЗСО?

Крајниот рок на поднесување на барањето БС-ПЗСО е до 5 ти во месецот за претходниот месец.
Доколку имате поднесено барање и известување од системот е-Даноци дека имате грешка при пополнување, може да го поднесете барањето во најбрз можен рок.
Новоформираните фирми во 2020 година, не се опфатени со уредбите, и во тој случај не може да аплицираат за мерките. ТП (трговците поединци) барањето го поднесуваат преку системот е-Персонален данок.

## 10. ПРАШАЊЕ ЗА 614 ГРЕШКА ОД МПИН-НЕ Е КОМПЛЕТНО БАРАЊЕТО

Може да се јави ваков проблем ако не е помината синхронизацијата во системот. Податоците од системот е-Даноци се пренесуваат во системот МПИН и треба одреден временски период истите да се трансферираат.
Во овој случај потребно е повторно да поднесете МПИН пресметка на која ќе добиете известување со шифра 619 дека финансиската поддршка е прифатена.

## 11. НА КОЈА СМЕТКА ПРИСТИГААТ СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОМОШ

Согласно уредбата на Владата на РСМ, поднесената пресметка за плата се обработува од страна на УЈП која ја известува Владата на РСМ за работодавачите кои ги исполниле условите за финансиска подршка за исплата на платите, по што следи исплата на истата. Работодавачот по приемот на финансиската подршка има обврска за исплата на плата за месецот за кој е побарана помошта. Во случај ако сте блокирани средствата ќе одат на Ваша трансакциска сметка

## 12.ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКА 101-ЗА РЕДОВНА ПЛАТА2

Повлекување на веќе исплатена пресметка за плата со обврска 101 не е можно, но може да поднесете исправка 103-ка за исплатената плата доколку сакате да извршите корекција за соодветниот месец.

## 13.ПОВЛЕКУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ФИНАНСИКА ПОМОШ, А ОДОБРЕНО БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ

Доколку не сакате да аплицирате, потребно е да поднесете пресметка без да ја користите шифрата 5000 за финансиска поддршка со барањето БФП-ИП, но доколку ги исполнувате условите за субвенционирање на придонеси со барањето образец БС-ПЗСО во МПИН пресметката треба да внесете шифра 620 во поле 3.23.

## 14.КОЈ ЈА ИСПЛАЌА ФИНАНСИСКАТА ПОМОШ

Владата на Република Северна Македонија ја исплаќа финансиската поддршка на работодавачот. По обработката на МПИН пресметката, УЈП го информира работодавачот во самата пресметка со известување шифра 619 – ја исполнувате финансиската поддршка со вкупен износ на истата. УЈП ја информира Владата на Република Северна Македонија за работодавачите кои ги исполниле условите за мерката.
Финансиската поддршка се исплатува од 10-ти во месецот за претходниот месец.

## 15.ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ, А НЕМА ОДГОВОР ОД УЈП

По поднесување на барањето за финансиска поддршка (БФП-ИП и БС-ПЗСО), лицето кое го има поднесено барањето преку системот е-Даноци, (овластеното лице за поднесување на барања и пријави) во својот профил на самото барање постои податок дека барањето е примено во УЈП со статус – комплетно или некомплетно.
Кога ќе се обработи барањето, истото лице добива на својот е-маил дека барањето е прифатено.
Кога ќе добиете на е-маил порака дека барањето е прифатено, може да ја пополните и поднесете пресметка преку МПИН образецот (кој е објавен на веб страната на УЈП) со пополнување на соодветните шифри за финансиска поддршка и/или субвенционирање на придонеси.

## 16.КАКВА Е ПОСТАПКА ЗА СВД (САМОСТОЈНИТЕ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ)

- Самостојните вршители на дејност (СВД) сами за себе (адвокати, угостители, таксисти, занаетчи и др.) правото за финансиска поддршка го остваруваат со поднесување на барање, образец БФС-СВД преку системот е-ПДД, доколку ги исполнува условите од Уредбата.
  Ова право не е поврзано со МПИН пресметките.
- За своите вработени СВД(самостојните вршители на дејност) може да се користи мерка за субвенционирање на 50% придонеси со внесување на шифра 620 во поле 3.23 и финансиска поддршка за плати во износ од 14.500,00 денари. со внесување на шифра 5000 во поле 3.46.СВД (самостојните вршители на дејност) за себе имаат право на финансиска поддршка за придонеси и тоа право го остваруваат со искажување на податоци во МПИН пресметката за придонесот за ПИО и ФЗО, односно имаат право на придонеси за себе.

## 17. КОЈА Е ПОСТАПКАТА ДОКОЛКУ НЕ САКААТ ДА ЈА КОРИСТАТ ФИНАНСИСКАТА ПОМОШ И САКААТ ДА СИ ГИ ВРАТАТ СРЕДСТВАТА?

Доколку даночниот обврзник не сака да ја искористи фанасиската помош добиените средства може да се вратат на следнава сметка со ПП-50 налог:
**ПРИМАЧ: БУЏЕТ НА РСМ**
**100000000063095**
**трезорска сметка: 630010001963019**
**приходна шифра: 725939 програма 00**
**цел на дознака: враќање на средства на с-кс 040010007863713 конто 4649900 програма П1**

## 18.НАЧИН НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РУБРИКА „ Ѓ "

Кога ќе добиете ваква порака од системот е-Даноци
*status_od_obrabot+Baraweto e nekompletno - vo rubrikata Ѓ baratelot ne gi ozna~il / nesoodvetno gi ozna~il uslovite a) b) v)*

- Доколку сте трговско друштво регистрирано во Централен регистар пред 2019 година, го штиклирате полето само под **а)**
- Доколку сте трговско друштво регистрирано во Централен регистар по март 2019 година го штиклирате само полето **б)**,
- Доколку сте вршител на дејност од сезонска работа го штиклирате полето под **в)**

## 19.ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИТЕ КОГА ЌЕ ЈА ДОБИЕТЕ СЛЕДНАТА ПОРАКА *(ПОГРЕШНА ШИФРА НА ДЕЈНОСТ ВО ПОЛЕТО,, В “)*

Кога ќе добиете ваква порака од системот е-Даноци
*„status_od_obrabot+ Baraweto e nekompletno -Vo rubrikata V* ***sifrata na dejnost se razlikuva od shifrata vo registarot na danocni obvrznici"***
Во рубриката В ја внесувате шифрата на дејност со точка (например 69.80).Ве известуваме дека податоците за шифрата на дејност електронски се преземаат од Централниот регистар од поднесената завршна сметка за 2020 година, со што доколку Централниот регистар оцени дека следува промена на шифрата на дејност согласно обработката на завршната сметка, истиот по службена должност ја променува шифрата на дејност и го известува даночниот обврзник.
За точната шифра на дејност ќе мора да се информирате во Централниот регистар.

## 20. ШТО СЕ СЛУЧУВА КОГА НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ ИМ Е ЕЛИМИНИРАНА ПРИФАТЕНАТА ДЕКЛАРАЦИЈА СО ОДОБРЕНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА СО ОДБИЕНА ДЕКЛАРАЦИЈА КАДЕ НЕМА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА?

Во случаите кога даночните обврзници им е елиминирана прифатената декларација со одобрена финансиска поддршка со одбиена декларација каде нема финансиска поддршка, а истите добиле средства на трансакциска сметка, потребно е да ги вратат парите на образец ПП 50 на следниот начин:

**Назив на примач: Буџет на Република Северна Македонија**
**100000000063095**
**Трезорска сметка: 630010001963019**
**Приходно конто: 725939 програма 00**
**Во цел на дознака: Враќање средства на с-ка 040010007863713, конто 464990,програма П1**
за истото нека достават доказ дека ги вратиле, така што ќе се сторнира износот на одобрената финансиска поддршка и ќе може да поднесат нова пресметка за добивање на финансиска поддршка.

## 21. ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА (ОДОБРЕНО БАРАЊЕ И ДЕКЛАРАЦИЈА ОДОБРЕНА), СРЕДСТВАТА НЕ СЕ ЛЕГНАТИ НА СМЕТКА (ОДНОСНО ЧЕКААТ ПОВЕЌЕ ОД 10 ДЕНА).

Управа за јавни приходи припремените фајлови за одобрена финансиска поддршка ги доставува до Влада на РСМ, кој ги префрла средствата на било која активна трансакциска сметка на работодавачот.
**НАПОМЕНА**: Даночните обврзници да проверат во регистарот на Управата за јавни приходи, доколку немаат внесено трансакциска сметка или внесена погрешна (затворена) трансакциска сметка, со образец УЈП-РДО да ја пријават во Управата за јавни приходи.

## 22. ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА (ОДОБРЕНО БАРАЊЕ И ДЕКЛАРАЦИЈА ОДОБРЕНА ЗА ПОВЕЌЕ ЛИЦА), САМО ЗА ЕДНО ЛИЦЕ СЕ ЛЕГНАТИ СРЕДСТВА

Работодавач мерката финансиска поддршка неможе да ја користи за вработени

- Кои имаат плата повисока од 39.900 денари во последните 3 месеци (за секој месец одделно сразмерно со часовите на пријавено работно време - полно или неполно) или доколку засновал работен однос за време пократко од три месеци, пред поднесување на барањето

- Вработените за кои се користи ослободување од придонеси преку проектот „Македонија вработува"
- Вработени со дополнително работење со неполно работно време кај друг работодавач, согласно членот 121 од ЗРО
- Вработените за кои се користи мерка за субвенционирање на придонеси (освен за најпогодените сектори добиваат финансиска поддршка може да користат и
- доколку пријавата М1/М2 во системот за интегрирана наплата не е упарена.

## 23. ПРЕКЛОПУВАЊЕ НА ФОЛИО БРОЕВИ

**Што е потребно, доколку се елиминира (препокрие) прифатената декларација со одобрена финансиска поддршка?**

Даночниот обврзник потребно е да ги вратат парите на образец ПП 50 на следниот начин:
**Назив на примач:Буџет на Република Северна Македонија**
**100000000063095**
**Трезорска сметка: 630010001963019**
**Приходно конто: 725939 програма 00**
**Во цел на дознака: Враќање средства на с-ка 040010007863713, конто 464990,програма П1**
за истото треба да достават доказ дека се вратени, така што ќе се сторнира износот на одобрената финансиска поддршка и ќе може да поднесат нова пресметка за добивање на финансиска поддршка

## 24. ЗОШТО СЕ ЈАВУВА ОВАА ПОРАКА ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ 614 – НЕМА ОДОБРЕНО КОМПЛЕТНО БАРАЊЕ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА 14.500?

Оваа порака се појавува ако не е помината синхронизацијата системите, односно податоците од системот Е-даноци се пренесуваат во системот МПИН и треба некое време за да се трансферираат податоците.
За да се поднесе пресметка МПИН потребно е да се причека 24 часа од добивањето на пораката од е-Даноци.

## 25. ЗОШТО МИ Е НАМАЛЕН ИЗНОСОТ НА ФИНАНСИСКА ПОДРШКА?

Износот на финансиска помош зависи и од остварените часови на работникот. Ако имате со скратено работно време тогаш не е 14.500 денари туку 7250 денари. Ако имате вработен на терет на Фонд за здравствено осигурување исто така, за тие часови се намалува износот на поддршката.
Поддршката се исплатува до максимален износ на пресметана бруто плата, при што ако има обврзник со пониска плата од 14.500 ќе се исплати до износот на пресметаната бруто плата.

## 26.ЗОШТО ТУРИСТИЧКАВА АГЕНЦИЈА НЕ МОЖЕ ДА ГИ КОРИСТИ ДВЕТЕ МЕРКИ, А ШИФРАТА НА ДЕЈНОСТ НЕ ИМ Е ПРОМЕНЕТА ВО ЦР?

Има повеќе услови за користење на мерката, не е само за дејноста, треба да нема загуба две години по ред, да нема кредити повеќе од 90 дена и да не е објавен на листа на должници заклучно со 29.02.2020 година.

## 27. КАКО ДА ВИДАМ ДАЛИ СУМ ДОБИЛ НА ПЛАТЕЖНА КРТИЧКА

Проверката за платежна картуичка се врши на платфомрата www.kupidomashno.gov.mk а доколку Ве нема на истата моѓже да се обратите на маилоит finansiskimerki@gs.gov.mk

## 28. ДАЛИ МЕ СЛЕДУВА ВАУЧЕР ЗА ТУРИЗАМ

Проверката може да ја направите на веб страната domasiedoma.gov.mk